Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 109, 15 септември 2013 година

септември 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во во сите звања за наставно-научната област аналитика на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област механика на флуиди и стручно технички системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 32

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област автоматика на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-стручно звање лектор за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област трудово право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на рракописот „Менаџмент на комунален отпад“ од авторите професор д-р Благој Голомеов и асистент д-р Трајче Митев, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 56

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Казнено право посебен дел - со практични примери“ - авторизирани предавања од авторот проф. д-р Тодор Витларов, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 58

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 60



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ „КАЗНЕНО ПРАВО ПОСЕБЕН ДЕЛ - СО ПРАКТИЧНИ ПРИМЕРИ“ - АВТОРИЗИРАНИ ПРЕДАВАЊА ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ТОДОР ВИТЛАРОВ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип со Одлука бр. 1602-123/7 од 21.8.2013 година ги определи: д-р Никола Тупанчески, редовен професор и д-р Александра Деаноска-Трендафилова, доцент, за рецензенти на авторизираните предавања „Казнено право посебен дел – со практични примери“ од авторот проф. д-р Тодор Витларов.

По внимателното проучување на предложениот текст на авторизираните предавања „Казнено право посебен дел – со практични примери“ на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ -Штип му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

„Казнено право посебен дел – со практични примери“ - авторизирани предавања е второ изменето и дополнето издание на ваквиот материјал објавен пред неколку години во кое се внесени измените на Кривичниот законик во периодот 2008 – 2012 г. Во него се обработуваат одделните кривични дела структурирани според нивната систематизација во Кривичниот законик на Република Македонија. Поточно, ги опфаќа делата од следните глави на Кривичниот законик на Република Македонија: кривични дела против животот и телото, кривични дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот, кривични дела против изборите и гласањето, кривични дела против работните односи, кривични дела против честа и угледот, кривични дела против половата слобода и половиот морал, кривични дела против бракот, семејството и младината, кривични дела против здравјето на луѓето, кривични дела против животната средина, кривични дела против имотот, кривични дела против културното наследство и природните реткости, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот, кривични дела против јавниот сообраќај, кривични дела против службената должност, кривични дела против правосудството, кривични дела против државата, кривични дела против вооружените сили, кривични дела против правниот сообраќај, кривични дела против јавниот ред и кривични дела против човечноста и меѓународното право.

По елаборацијата на законските битија и различните облици на казнени дела, авторот изнесува конкретни примери од судската практика (извадоци од обвинителни акти, од пресуди и сл.), а на крајот од секоја глава се дадени и примери – задачи.

На почетокот на авторизираните предавања е даден вовед, а на крајот попис на користената литература.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Анализираниот ракопис претставува учебен материјал од областа на казненото право, поточно од сферата на казнено право - посебен дел и казнено право - применета програма. Овој ракопис претставува авторизирани предавања од оваа област на д-р Тодор Витларов кои во голема мера ќе им послужат на студентите во сфаќањето и совладувањето на материјата на казненото право, казнените дела одделно, нивните специфики, начинот на супсумпција на фактичката состојба под соодветната правна норма, како и практичните аспекти на правното квалифицирање на делата во работата на правосудните органи. Примерите од судската практика кои се доста присутни во овие авторизирани предавања му даваат посебна тежина на овој труд.

„Казнено право посебен дел – со практични примери“ - авторизирани предавања е материјал изработен со јасен стил, соодветна методологија и исполнува високи научни стандарди, па сметаме дека ќе биде многу корисен материјал кој треба да се користи во наставата по предметите од споменатите области на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Никола Тупанчески, с.р.**
**Доц. д-р Александра Деаноска-Трендафилова, с.р.**